57/104

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак
Shenja arkivore: ____
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ____
Потпис
Nënshkrimi
____ 20 ___ година
viti

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор
## Ип 1 бр. 57-104/2024
## Датум: 03.02.2025 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Физичко лице | од Битола |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. Пецо Божиновски бр.56/20, Битола | |
| Адреса за е-пошта | | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | | |
| Даночен број на субјектот | / | |
| Број на трансакциска-сметка на субјектот | 200002206198159 | |
| Банка депонент | Стопанска банка АД Скопје | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: Физичко лице | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 31.01.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 12:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 03.02.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13:00 ч. |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | / | | |
| Главна дејност на објектот– | / | | |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде што се .врши надзорот | |
| Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура-во натамошниот текст: МК) |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Налог бр. 57-104/2024 од 22.01.2025 г., издаден од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор со задолжување да се изврши вонреден инспекциски надзор на корисникот физичко лице од Битола од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, а по анонимна иницијатива ИП1 бр. 57-104 од 31.12.2024г., поднесена од револтирани родители.

**4)Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Дарко Аџиевски, помошник инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

**5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена начлен 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од **99.000 денари**, согласно со Договорот бр. 61-5667/1 од 14.05.2024 г., за учество во финансирање на проектот – **„Книгите-паметници на македонското слово“ избран на Годишниот конкурс за финансирање проекти за манифестација „Цртај на македонски јазик“ во 2024 година**, како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на соодветен образец за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК, како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери и видеа).


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица:

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| / | / | / |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

-Проектот **„Книгите-паметници на македонското слово" избран на Годишниот конкурс за финансирање проекти за манифестација „Цртај на македонски јазик" во 2024 година,** а согласно со Решението УП1 бр. 61-112 од 03.04.2024 г., донесено од министерот за култура истиот е прифатен како проект од национален интерес во културата за 2024 година и дека ќе се финансира со 99.000 денари.

- Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договорот бр. 61-5667/1 од 14.05.2024 г., за учество во финансирање на проектот „Книгите-паметници на македонското слово" избран на Годишниот конкурс за финансирање проекти за манифестација „Цртај на македонски јазик" во 2024


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

година, а за финансирање на проектот се одобрени средства од програма 73 - креативни индустрии во износ од 99.000 денари.

- Оттука со Барањето за исплата на одобрените средства заведено во писарницата на МК под бр. 61-5667/2 од 12.06.2024 г., корисникот доставил и **Образец за оперативен и финансиски план** за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи). Во Оперативниот и финансиски план е наведено дека проектот „Книгите-паметници на македонското слово" ќе се реализира во Домот на културата „ИЛИНДЕН" – Демир Хисар од 01.03.2024 до 01.07.2024 година. Исто така, е наведено дека преведените средства ќе се трошат за следните намени: **1.Хонорар - /автор и уметник во износ од 33.333 денари; 2.Хонорар –Мајстор за глетовање и рамнење на ѕидна површина во износ од 22.222 денари; 3.Материјали ( глет-маса, лепак, мрежа, ув врска) во износ од 7.000 денари; 4. Материјали – фасаден поликолор во износ од 6.000денари, 5. Материјали – Акрилни бои во износ од 17.445 денари; 6. Материјали – спрејови во износ од 3.000 денари; 7. Материјали- ваљаци и четки во износ од 2.000 денари; 8. Други трошоци – храна и освежување во износ од 5.000 денари; 9. Други трошоци - патни трошоци во износ од 3.000 денари; Вкупно: 99.000 денари.** Во прилог на Оперативниот и финансиски план доставена е и Изјава од за наменско користење на средствата.

-Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека е постапено и тоа на 24.09.2024 година доставен е Образец за наративен и финансиски Извештај заведен во писарницата на МК под бр.61-8551/1 од истиот датум.

Во прилог кон Образецот за наративен и финансиски Извештај се доставени: Извод од сметка од Стопанска Банка АД Скопје од 01.08.24-18.09.24; фискални сметки за храна; фискални сметки за материјали, фискални сметки за гориво Лукоил; Договор помеѓу за услуга – рамнење и глетовање на површина за изработка на мурал од 13.05.2024година на износ од 20.000денари; Изработка на шаблони Стиро Стил на износ од 3.000денари; Трампе компани ф-ра бр.53/24 од 11.9.2024 на износ од 20.805 денари;

фотографии и принтскринови од медиуми од муралот во домот на културата во Демир Хисар.

- На денот на инспекцискиот надзор на 31.01.2025 година, од страна на корисникот беше изјавено дека проектот е реализиран од 01.03.2024 до 01.07.2024 година и Муралот е насликан на северниот ѕид на Домот на културата „Илинден“ во Демир Хисар на простор од околу 100 метри квадратни. За време на инспекцискиот надзор во прилог беа доставени принт фотографии и УСБ со фотографии и видеа од муралот, заедно со бланко изјави од сите ученици за учество во проектот „Книгите – паметници на македонското слово“, изјава од за реализацијата на проектот од 28.01.2025 година, извод од сметка за уплатена втора рата од Министерство за култура и туризам преку Веда ДООЕЛ Скопје во износ од 26.604 денари и Записник од извршен вонреден инспекциски надзор од Државен просветен инспекторат ИП1 бр.31-6 Крушево од 29.01.2025 година, постапено по анонимна претставка од група родители, во кој е констатирано дека не се утвдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор, односно постапката се запира.
Од страна на корисникот беше изјавено дека во прилог апликацијата за проектот во Министерство за култура биле доставени потпишани изјави од сите ученици за учество во проектот „Книгите – паметници на македонското слово“, и при реализација на проектот за време на летниот распуст на учениците, како соработници биле вклучени три ученици од СОУ „Крсте Петков Мисирков“ и ученици од ликовната секција од ООУ „Гоце Делчев“-Демир Хисар.

Од документацијата презентирана при инспекцискиот надзор, утврдено е дека за реализација на проектот **„Книгите – паметници на македонското слово“ за манифестација „Цртај на македонски јазик“,** корисникот од вкупно преведените **99.000 денари** потрошил средства по следните износи и намени и тоа:

1. **33.333 денари,** хонорар за автор и уметник
2. **20.000 денари,** хонорар за Мајстор за глетовање и рамнење на ѕидна површина по Договор помеѓу за услуга – рамнење и глетовање на површина за изработка на мурал од 13.05.2024година на износ од 20.000денари;
3. **20.805 денари,** за набавка на материјали, Трампе Компани Ф-ра бр.53/24 од 11.9.2024 на износ од 20.805 денари;
4. **3.000 денари,** Изработка на шаблони Стиро Стил ф-ра бр.0022 на износ од 3.000 денари;

5. **2.730 денари,** за набавка на материјали-фискални сметки за четки и ваљаци;
6. **6.343 денари,** за набавка на храна и освежување;
7. **3.000 денари,** за патни трошоци, фискални сметки Лукоил;
8. **7.224 денари, за Персонален данок** за прва рата преведени средства преку Агенција ВЕДА ДООЕЛ Скопје;
9. **3.096 денари, за Персонален данок** за втора рата преведени средства преку Агенција ВЕДА ДООЕЛ Скопје;

   **Вкупен износ од 99.531 денари;**

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице:**

**- Проектот Книгите-паметници на македонското слово“ избран на Годишниот конкурс за финансирање проекти за манифестација „Цртај на македонски јазик“ во 2024 година, на корисникот е реализиран во Домот на културата „Илинден„ во Демир Хисар од 01.03.2024 до 01.07.2024 година, и притоа преведените средства во износ од 99.000 денари од Буџетот на РСМ преку Авторската агенција ВЕДА ДООЕЛ Скопје се потрошени наменски согласно со обврската од член 68 од Законот за културата.**

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

**Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.**

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________



Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за Дарко Аџиевски, помошник инспектор за култура | |
| Датум: | 11.02.2025 г. | Датум: | 03.02.2025 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да се потпише записиникот, да се наведат причините.



Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk